ДО:

-Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, г-дин Љупчо Коцевски

-Јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, г-ѓа Лиле Стефанова

ПРЕДМЕТ: Известување за вршење притисоци од страна на Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје Мустафа Хајрулахи и запознавање со начинот на распределба на предмети

Од Даниела Лапе-помлад јавнообвинителски референт во Вишото јавно обвинителство Скоопје

На 19.07.2024 година до Јавното обвинителство на РСМ, Советот на јавните обвинители на РСМ, Основниот јавен обвинител на ОЈО Скопје и до Претседателот на Владата на РСМ , јас, заедно со други вработени во Вишото јавно обвинителство Скопје и една вработена во Основното јавно обвинителство Скопје (до почетокот на 2024 година вработена во ВЈО Скопје) доставивме поднесок насловен како Барање за преземање итни мерки во врска со постапувањето на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје Мустафа Хајрулахи. Во тој поднесок ги опишавме дејствијата кои се преземени од страна на Вишиот јавен обвинител Хајрулахи спрема сите нас. (За потсетување, во прилог ви доставуваме копија од тој поднесок).

Со ова писмо Ве известувам дека од моментот кога Вишиот јавен обвинител дозна за барањето поднесено од наша страна, истиот продолжи да презема дејствија кои претставуваат притисок врз мене. Затоа, повторно ви се обраќам со барање да преземете мерки кои ќе ми овозможат нормално извршување на моите работни обврски и ќе ми гарантираат мир на работното место, нешто што, особено во последниов период го немам. Така, кога истиот дозна за нашето писмено барање лично ме повика во неговата канцеларија да ми каже дека ќе прави реорганизација во обвинителството, ми кажа дека ова не го очекувал од мене, што лошо јас сум видела од него, многу сум го разочарала бидејќи вели дека секогаш бил коректен со мене, ми помагал и на мене и на мојот сопруг (што не е вистина), ми рече да размислам во што се впуштам и дека нема да можам да излезам од ова дека ќе заглавам, повеќе пати ми напоменуваше дека имам дете дека треба да мислам на детето и дека во денешно време тешко се наоѓа работа и дека знаел колку мене ми значи оваа плата. Веројатно индиректно повторно сакаше да ми каже дека ќе ме избрка од работа. Ми рече да напишам дека сум изманипулирана од страна на Фатиме и Руже за писмото и да наведам дека ме навеле да се потпишам на истото што тврдам дека не е така. Ние заеднички без присуство на обвинителката го составивме писмото, и тоа му го кажав но тој ми рече дека ако не напишам така дека ќе ме даде на дисциплинска и на суд и ќе бара отштета од 100.000 евра и дека сите судии и адвокати се негови дека тој сигурно ќе добие на суд. Признавам дека се исплашив бидејќи јас навистина зависам од оваа плата. Напишав изјава без име и презиме меѓутоа

нему не му се допаѓаше и неколку пати ме врати да пишувам нови изјави со име и презиме односно да ги наведам Руже и Фатиме. Ми кажа дека не сум требала да им верувам дека тие биле во филм влезени и дека тој го знаел тоа и ме праша што ми ветила обвинителката Фатиме дека ќе добијам ако се потпишам на писмото. Му кажав дека тоа воопшто не е така меѓутоа тој ми одговори со зборовите "Фатиме нема вистински пријатели цело време е сама", "Таа е лезбејка", "Очекувате Гаврил наркоманот да ве заштити", "Не ги играјте игрите од Фата и Руже зошто ќе заглавите", "нема да може да го смените мислењето на обвинителството со вашите 5 изјави, сите ви се смеат, и со ова ваше писмо можам само да се почешам", "ќе бидам шеф до пензија и ДУИ да дојде пак ќе бидам шеф", "Фата да беше јака одамна ќе го земеше моето место", "Фата има 4 дисциплински и ќе си замине дома" "Знам дека приватно се дружите се знам Дани".

Можам да кажам дека тој период ми беше многу стресен и се чувствувам под голем притисок. Со обвинителот Мустафа Хајрулахи претходно не сум имала конфликт. Неговото однесување кон мене се промени во периодот кога дознал дека и јас како и другите колешки приватно се дружиме со обвинителката Фатиме. Сметам дека приватно секој може да се дружи со кого сака. За разлика од него, обвинителката секогаш не третирала со почит и била особено внимателна кон нас особено ради тоа што ние сме сепак вработени како администрација а таа е обвинител. Дури можам да кажам дека таа паузата за кафе секогаш ја користеше со нас односно заеднички за време на пауза пиевме кафе, што почна да му пречи на шефот и во неколку наврати ни потенцираше. Напоменувам дека за време на нашите дружби никогаш не сме зборувале лошо за никој од обвинителството особено не за шефот бидејќи и покрај неговите закани ние имаме почит кон него. Обвинителката Фатиме напротив секогаш позитивно уште од самиот почеток ни раскажуваше за нивните дружи во ОЈО Скопје за нивните моменти, излагања како колеги и дека е многу важно да имаме почит едни спрема други без разлика на функцијата. Навистина незнам и не ми е јасно зошто шефот има толку многу лош однос кон неа, со оглед на тоа дека на почетокот кога обвинителката дојде во ВЈО Скопје тие заеднички пиеа кафе и нас ни велеше се што треба да и се помогне на обвинителката.

Морам да кажам дека откако виде дека никој од нас нема да се повлече тој започна да презема мерки како и што ни најавуваше. Најпрво мене ми даде опомена пред поведување на дисциплинска постапка со наводи дека во текот на месец август и септември сум доцнела на работа и тоа не сум го оправдувала. Имам дете од 2 години кое многу често е болно и кое го припремавме за оперативен зафат, и да сум доцнела, меѓутоа секогаш сум ја известувала секретарката на ВЈО. Дури и од страна на шефот ми беше кажано ако имам потреба околу детето и да доцнам дека не е проблем. Меѓутоа тоа се промени и тоа тој го искористи против мене.

Во текот на минатата недела од Ваша страна беше извршена контрола во Вишото јавно обвинителство Скопје. Во врска со тоа сакам да појаснам неколку работи.

Бидејќи јас го водев уписникот КОЖ во периодот на кој се однесуваше контролата, а во кој се заведуваат предмети по жалба од Апелационен суд, шефот лично ме викаше во неговата канцеларија за да ми каже одреден пред кај кој обвинител треба да биде заведен. Со оглед да јас

сум на боледување меѓутоа во тој период бев на работа а во медиумите слушнав дека контролата се однесувала за предметот на СЈО сакам да појаснам нешто околу тоа.

Иако знам дека за ова мое произнесување ќе следат и дополнителни дејствија против мене со оглед да е ова сериозна работа која веројатно никој до сега и немал храброст да ја изнесе на виделина, и иако самата не сум правник меѓутоа ја почитувам институцијата првенствено а и сакам и моето дете да го научам да биде чесно и искрено па затоа и слободно можам да го кажам следново:

-По пристигнување на жалбата поднесена од политичката партија ВМРО ДПМНЕ за СЈО бев повикана преку секретарката дека ме бара шефот, по што јас отидов во неговата канцеларија каде што седеа неговите две деца и обвинителката Наташа Гоџовска и шефот ми кажа предметот за СЈО без многу галама да се заведе кај обвинителот Јован Цветановски за тој да одлучи.

Бидејќи колешката која што го води уписникот КОЖ1 беше на одмор предметот беше заведен и предаден на обвинителот Цветановски лично од моја страна. Исто така шефот во повеќе наврати особено перидов бараше исклучиво предмети за обвинителите Фатиме и Сашо да му се носат во канцеларија кај него.

Исто така и за предметот СЕРТА ми беше кажано да му го заведам и дадам на јавниот обвинител Јован Цветановски. Најголем дел од предметите бараше да се заведуваат кај двајца обвинители а тоа се Јован и Наташа.

Исто така и предметот од СЈО –Титаник 3 лично од мене побара да и се заведе на обвинителката Наташа Гоџовска која е римско V, а претходно тој предмет го работеше обвинителот Дилавер Бектеши кој беше римско VI.

Пред да дојде контролата ни даде на ливче предмети кои треба да ги извадиме, од кој што најголем дел беа на обвинителката Фатиме Фетаи.

Во однос на тоа како се врши распределбата и дали е таа редоследна односно дали предметите се даваат по редослед како што треба од најмал до најголем број може да направите споредба на приемните тетратки и на уписниците. Можете и да ја прашате колешката која претходно го водеше уписникот КОЖ-Бистра Стојкова.

Со оглед да добив нови работни задачи веќе не го водам КОЖ уписникот туку сега ми е даден уписникот РО, како казна или како што тој ни кажа реорганизација на ВЈО, па се прашувам дали таа реорганизација е само за нас потписниците на поднесокот.

Сметам дека е крајно време да се преземат мерки бидејќи сепак живееме во демократско општество во кое би требало да владее правото и да победува правдата.

Моите колешки ме известија дека имаат добиено Барање за јавно извинување и јавно повлекување меѓутоа со оглед дека јас сум на боледување јас го немам примено.

За крај, запрепастена сум од изјавите дадени од страна на Вишиот јавен обвинител дека наводно нему му се врши мобинг, а не нам, иако состојбата веќе ви е јасна, кој кому врши притисок.

Подносител

Даниела Лапе

Скопје,

21.10.2,24 година

Прилог: Копија од Барање за преземање итни мерки од 19.07.2024 година и опомена пред спроведување на дисциплинска постапка.